140

Во Музејот за современа уметност во Скопје

# Пристигна подарок збирка од 48 дела

**Во збирката е сликата „Глава на жена“ од Пикасо**

Пикасовото дело „Глава на жена“ (масло) работено во 1963 година, и уште други 23 слики и 24 графики, подарок на Музејот за современа уметност во Скопје од уметниците на Франција, вчера пристигнаа во Музејот. Во оваа збирка се наоѓаат по едно сликарско дело на Алфред Манесје, Едуард Пињон, Пјер Сулаж, Франсоа Десное, потоа скулптурата „Билјана“ на Етјен Хајди. Во пристигнатата подарок-збирка има по една слика и по 12 графики на Ханс Хартунг и Ана Ева Бергман.

Југословенските уметници кои живеат во Франција исто на Музејот му подарија по едно дело — Зора Стак, Слободан Богоевиќ, Зоран Мустиќ и Миќа Поповиќ. Во оваа збирка се наоѓа и едно дело на Јапонецот Хисао Домото и уште на седум други француски автори.

Вредноста на делата во подарената збирка од Франција што вчера пристигна во Скопје се цени на повеќе од 242 илјади француски франци.

О. Сп.

3 I 1964